ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-299/6**

**Дата:** 03.04.2012

**ДО**
**ЛИБЕРАЛНО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА - ЛДП**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2010 година на Либерално - демократска партија–ЛДП (во натамошниот текст ЛДП) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ЛДП за 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, ревизијата не е во можност да даде мислење.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, констатирано е дека:
- ЛДП не поседува докази за потврдување на почетната состојба на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- не е извршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства;
- не постојат докази за потврдување на пресметаната амортизација и нема пресметано ревалоризација на постојаните средства;
- постојат неправилности поврзани со благајничкото работење;
- нема доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на општинските организации и
- извршени се плаќања без соодветна документација.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:
- распределбата на средствата кои имаат третман на јавно финансирање на политичките партии;

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти, кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Во законски утврдениот рок не се доставени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 14 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на ЛДП, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на редовната сметка на НСДП за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јован Манасијевски - Претседател на ЛДП и
- Дуфе Кукоски - Генерален секретар на ЛДП

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ЛДП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата не беше во можност да обезбеди достатни докази потребни за потврдување на:
- почетната состојба на позициите во активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- тековната состојба на постојаните средства (не е извршен попис и сметководствено усогласување на истите, нема докази за начинот на пресметување на амортизацијата и нема пресметано ревалоризација);
- бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на општинските организации и
- неколку плаќања кон добавувачи.

Поради наведеното, не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата не беше во можност да обезбеди достатни докази потребни за потврдување на:
- почетната состојба на позициите во активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- тековната состојба на постојаните средства (не е извршен попис и

сметководствено усогласување на истите, нема докази за начинот на пресметување на амортизацијата и нема пресметано ревалоризација);
- бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на општинските организации и
- неколку плаќања кон добавувачи.

Поради наведеното, не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/09/2011 до 12/09/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај, беше потребно да бидат дискутирани на завршниот состанок, закажан на ден 20.12.2011 година. На закажаниот термин, во просториите на партијата не се појави законскиот застапник или друго овластено лице од него, поради што состанок не се одржа.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Ревизијата констатира дека во целост не се почитувани одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и тоа :

- Годишната сметка за финансиско работење за 2010 година е доставена до Централниот регистар, но не и до Управата за јавни приходи, Државниот завод за ревизија и Министерството за финансии и истата не е објавена на веб страната на партијата и во најмалку еден од дневните весници и
- Годишниот финансиски извештај не е доставен до Државен завод за ревизија и истиот не е објавен на веб страната на партијата, во најмалку еден од дневните весници и Службен весник на Република Македонија.

Наведената состојба влијае на достапноста на информациите до јавноста и надлежните институции.

Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (член 7 и 9), обврската за објавување на Годишната сметка и Годишниот извештај во најмалку еден од дневните весници и во Службен весник на Република Македонија е укината, како и обврската за доставување на Годишната сметка до Министерство за финансии, поради што за овој дел од утврдената состојба ревизијата не дава препорака.

**Препорака**

Законскиот застапник да го задолжи лицето одговорно за водење на деловните книги да врши навремено доставување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за финансиско работење до сите надлежни институции и нивно објавување на веб страната на партијата.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Со увид во документацијата на ЛДП, ревизијата констатира дека на крајот на 2010 година:

- партијата нема спроведено попис и сметководствено усогласување на средствата, побарувањата и обврските,
- не може да го потврди износот на пресметаната амортизација (228 илјади денари), бидејќи партијата не располага со податоци за опремата која е во нејзина сопственост и
- не е пресметана ревалоризација.

Оваа состојба не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации. Поради тоа ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните средства во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Одговорното лице во партијата да воспостави пракса за спроведување попис на средствата, побарувањата и обврските на крајот на годината и да изврши нивно точно и целосно воведување во деловните книги врз основа на уредна документација. Исто така да воспостави и примени сметководствени политики за пресметување на амортизација и ревалоризација на постојаните средства.

3.2.2. Со увид во сметководствената документација на ЛДП, ревизијата утврди дека партијата не располага со податоци со кои ќе може да се потврди почетната состојба на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба, чии поединечен износ е 8.895 илјади денари.

Причина за оваа состојба е што законскиот застапник на партијата не бил во можност да стапи во контакт со лицето кое до 2007 година ги водело неговите деловни книги, од кога и потекнуваат почетните состојби. Во 2008 година законскиот застапник склучил договор за сметководствени услуги со друго правно лице, кое за да може да изготви завршна сметка за 2007 година морало да обезбеди податоци од копијата од годишната сметка за 2006 година добиена од Централниот регистар на Република Македонија.

Отсуството на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со кои ќе може да се поткрепат наведените состојби, не е во согласност со член 10 од Законот за сметководство на непрофитните организации и истовремено претставуваат причина поради која ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Препораката дадена во точка 3.2.1. се однесува и за оваа утврдена состојба.

3.2.3. Во 2010 година ЛДП има направено промет на сметката во износ од 2.824 илјади денари од кои 600 илјади денари или 21% од прометот е реализиран во готово, односно е промет преку благајната. Исто така, ЛДП има донесено Одлука за висина на благајнички максимум со која максималниот износ на готовина во благајната е утврден на 70 илјади денари.

Со увид во сметководствената документација за плаќањата извршени преку благајна на партијата ревизијата утврди дека:

- документ – благајнички извештај не се изготвува редовно, односно во 2010 година изготвени се само 3 благајнички извештаи;
- сметките во прилог на благајничките извештаи се од различен период во годината, односно нивното евидентирање не е навремено, ажурно, и хронолошки што не е во согласност со член 5 од Законот за сметководство на непрофитни организации;
- извршени се плаќања на производи и услуги во готово во вкупен износ од 437 илјади денари чии поединечни износи го надминуваат законски дозволениот лимит од 6 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет.

Наведената состојба не го одразува временскиот редослед на настанување на деловните промени односно трансакции и претставува ризик од можни сметководствени грешки.

**Препорака**

Одговорното лице за водење на деловните книги на ЛДП да ги почитува и применува сметководствените начела за целосно, комплетно, навремено, ажурно и хронолошко водење на податоците регистрирани во деловните книги, како и да се придржува до законските одредби од Законот за платниот промет.

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.4. Согласно статутот на ЛДП, партијата се организира според територијален принцип и тоа на: месни организации, општински организации, градска организација – Скопје и државна организација. Општинската организација на ЛДП е основна форма на организирање на членовите од територијата на една општина. Со извршениот увид во деловните книги ревизорите утврдија дека, партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост, а за општинските организации во Скопје се користи изнајмени објекти за одреден надомест, согласно склучен договор.

На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор во кој се сместени општинските организации што не е во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи. Поради тоа не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на приходите по основ на донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Централниот одбор во ЛДП да обезбеди одлука за бројот, седиштето и начинот на користење на деловните објекти наменети за општински организации. Исто така да се пристапи кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со сопствениците на деловните простори.

3.2.5. Ревизијата утврди дека во неколку случаи извршени се плаќања без документацијата. За вкупно исплатени средства во износ од 384 илјади денари кои се однесуваат на набавка на опрема, трошоци за телефонски услуги, регистрација на возило и сл. ревизијата утврди дека недостасуваат фактури или сметки од добавувачите, како потврда за оправданоста на извршените плаќања, што не е во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Извршеното плаќање врз основа на некомплетна документација може да доведе до ненаменско и незаконско користење на средствата со кои располага партијата.

**Препорака**

Одговорното лице за водење на деловните книги да ги почитува законските одредби и за секоја извршена трансакција да обезбеди и приложи документација, како потврда за настанатите финансиски промени.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се однесува на:

- непостоење на докази за потврдување на почетната состојба на позициите од активата и пасивата во финансискиот извештај – биланс на состојба;
- неизвршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средства;
- непостоење на докази за потврдување на пресметаната амортизација и нема пресметано ревалоризација на постојаните средства;
- неправилности поврзани со благајничкото работење;
- непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на општинските организации и
- извршени се плаќања без соодветна документација.

### Мислење – за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата наведени во точката од 3.2. ние не бевме во можност да добиеме достатни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ЛДП на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум.

### Мислење – за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точките 3.1. и 3.2. не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ЛДП, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Од вкупно остварените приходи на ЛДП во 2010 година (2.738 илјади денари), речиси целосно или 2.699 илјади денари се однесуваат на пренесените средства од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии и Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за

финансирање на политичките партии донесеното од Министерство за финансии број 07-13441/1 од 20.04.2010 година.

Имајќи ги предвид одредбите од законските и подзаконските акти за начинот на финансирање на политичките партии и расположливите податоци добиени со ревизијата, утврдено е следното:

- Постојат разлики во начинот на распределба на средствата за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија утврдени во Законот за финансирање на политичките партии и Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, поради што Уставниот суд на Република Македонија во 2011 година донесе Одлука У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година (Службен весник на РМ бр. 132/11), со која се укинаа неколку одредби од Упатството;
- Во текот на извршувањето на ревизијата од страна на ревизорите доставено е писмено барање до Министерство за финансии со цел да се добијат податоци за висина на планирани и исплатени средства за финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија за 2009 и 2010 година, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии. До завршувањето на ревизијата вакви податоци не се добиени;
- Донесеното Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии не овозможува јасен приказ за начинот на кој е извршена распределбата на средствата меѓу партиите и
- Во точка 7 од Решението за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2010 година за финансирање на политичките партии е наведено дека носителот на коалицијата се задолжува средствата кои отпаѓаат на коалицијата да ги распредели на коалиционите партнери сразмерно на бројот на нивните советници, додека според Законот за финансирање на политичките партии средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако спогодбено партиите поинаку не се договорат.

Ревизијата упатува на потребата од воспоставување на едноставен и точен систем за утврдување на паричните средства за финансирање на политичките партии и транспарентен начин на нивна распределба.

5.2. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна и во најмалку еден од дневните весници. Со став 3 од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот

се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]„. До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер. За потврдување на утврдената состојба ревизијата се обрати со писмо до надлежното министерство, но по истото не е добиен повратен одговор.

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

Утврдената состојба предизвикува политичката партија да изврши прилагодување на потребните информации за обезбедените донации, истите да го објави на својата веб страна, но не и во најмалку еден од дневните весници.

5.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките парти е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]“.

Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите преставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.4. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007 и 7/2008) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско - материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. По барање на ревизијата од Централен регистар на Република Македонија добиени се податоци, според кои во текот на 2010 година на име на ЛДП постојат отворени две сметки во Комерцијална Банка АД Скопје и тоа:

- ЛДП - сметка за редовно работење и

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482- Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

- ЛДП сметка - изборна кампања – локални избори 2009 година.

Согласно одредбите од Изборниот законик откако ќе бидат исплатени средствата од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините и градот Скопје за секој добиен глас на изборите изборните сметки треба да се затворат.

Сметките на ЛДП за изборна кампања– локални избори 2009 година е два пати блокирана во 2010 година.

6.2. Согласно Статутот на ЛДП, партијата нејзината активност ја финансира и со средствата кои се собираат од членството. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека оваа одредба од Статутот, во пракса речиси не се применуваат од членовите. Оваа состојба предизвикува намалени приходи на партијата и претставува ограничување во извршувањето на нејзините активности.

Скопје, 26.03.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1 | 1 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.737 | 2.543 |
| Други приходи | 0 | 54 |
| **Вкупно приходи** | **2.738** | **2.598** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 1.290 | 2.409 |
| Други расходи | 964 | 316 |
| Капитални и други средства | 39 | 0 |
| **Вкупно расходи** | **2.293** | **2.725** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување/Непокриени расходи** | **445** | **(127)** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **10** | **-** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **435** | **(127)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | | |
| Парични средства | 444 | 201 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 2.625 | 2.625 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **3.069** | **2.826** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 718 | 907 |
| Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | 2.300 | 2.300 |
| **Вкупно постојани средства** | **3.018** | **3.207** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **0** | **2.862** |
| **Вкупна актива** | **6.087** | **8.895** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 548 | 1.016 |
| Краткорочни финансиски обврски | 180 | 180 |
| Обврски спрема државата и други институции | 10 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 3.592 | 3.118 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **4.330** | **4.314** |
| **Извори на деловните средства** | | |
| Деловен фонд | 1.750 | 4.574 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1.750** | **4.574** |
| **Ревалоризациона резерва** | **7** | **7** |
| **Вкупна пасива** | **6.087** | **8.895** |